Акционерско друштво за приредување игри на среќа и забавни игри
ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА Скопје

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

Од работата на Службата за внатрешна ревизија
За 2023 година

Јануари 2024 година

Содржина

Вовед........................................................................................................................3
1.Извршени внатрешни ревизии.........................................................................3
1.2 Преглед на извршени ревизии во текот на 2023 година.......................................4
1.2.1 Ревизија на документација за техничка исправност на лифтови во деловна зграда...........................................................................................................5
1.2.2 Ревизија на постапките и процедурите за наплата на тужени побарувањe......5
1.2.3 Ревизија на Договори за закуп на деловен простор...........................................5
1.2.4 Ревизија на обврски на Друштвото према добавувачи.......................................5
2.Оценка од адекватноста и ефикасноста на системите на внатрешна контрола ... 6
3. Наоди и дадени препораки.............................................................................6
4. Останати активности.....................................................................................6

**Вовед**

Врз основа на член 415-а од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговски друштва и член 8 и 9 од Правилникот за организациона структура и систематизација на работни места, правата и одговорностите, односите со другите организациони единици во Друштвото, службата за внатрешна ревизија го изготви овој годишен извештај кој се однесува на работењето за периодот 01.01.-31.12.2022 година.

Годишниот извештај содржи:

- Опис на извршените внатрешни ревизии на работењето на друштвото
- Оцена на адекватноста и ефикасноста на системите за внатрешна ревизија
- Наоди и дадени препораки
- Мислења
- Оцена на реализација на поставените цели со годишниот план за работа и
- Информации за останатите активности на внатрешната ревизија

Внатрешната ревизија е независна активност на Друштвото како и соодветна активност со цел да го обезбеди и подобри квалитетот на секојдневното работење на Друштвото.
Во текот на извештајната година извршени се ревизии кои беа насочени кон контролата на одредени активности на Друштвото.
Воспоставувањето и одржувањето на системите на интерна контрола претставува одговорност на раководството и вработените под надзор на органите на управување.
При извршување на ревизиите, одговорните лица беа редовно и навремено информирани за наодите и препораките од ревизијата.

**1.Извршени внатрешни редовни ревизии**

Фокусот на оваа ревизија е насочен кон целосно остварување на поставените цели предвидени со Годишниот план за работење во 2023 година, со тоа што се земени во предвид човечките ресурси и расположливо време.
Во првиот квартал на годината е изготвен Годишен извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија за деловната 2022 година кој беше усвоен од акционерите на редовното годишно Собрание на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје, одржано на 29.05.2023 година.
Во текот на годината согласно законските обврски утврдени во Законот за трговски друштва, изготвен е полугодишен Извештај од извршените ревизии ,како и Годишниот план за работа за 2023 година, кои беа разгледани и одобрени од неизвршните членови на Одборот на директори.

Во периодот Јануари - Декември 2023 година, согласно Годишниот план за работа реализирани се четири редовни ревизии во Сектор за финансиски работи и Сектор за општи и правни работи. Ревизиите беа извршени преку имплементација на процедурите усогласени со стандардите за професионална примена на внатрешна ревизија.

## 1.2 Преглед на извршени ревизии во текот на 2022 година

| Бр.. | Ревизорски активности | I квартал | II квартал | III квартал | IV Квартал |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Сектор за општи и правни работи<br><br>-Контрола на докумантација за техничка исправност на лифтови во деловна зграда | x | | | |
| 2. | Сектор за финансиски работи<br><br>-Контрола на постапките и процедурите за наплата на тужени побарување | | X | | |
| 3. | Сектор за општи и правни работи<br><br>-Контрола на Договори за закуп на деловен простор | | | x | |
| 4. | Сектор за Финансиски работи<br><br>-Обврски на Друштвото према добавувачи | | | | x |
| 5. | Останати активности<br><br>- Изготвување полугодишен и Годишен извештај.<br>- Изготвување Годишен план за 2023 година | | | | |

Во продолжение е даден опис на реализираните редовни ревизии во текот на 2023 година.

### 1.2.1 Ревизија на докумантација за техничка исправност на лифтови во деловна зграда

Оваа ревизија ја опфати оценката за процедурите и активностите што се преземаат во постапките за подготовка на документација за техничка исправност на лифтови во деловна зграда. По направената внатрешна ревизија не беа предложени мерки за имплементација со оглед на тоа дека не беа констатирани отстапувања во приодот и подготовка на документација за техничка исправност на лифтови во деловна зграда, така што единствено беше дадена препорака и во иднина да се продолжи со досегашната пракса во однос на постапките за

подготовка на докумантација за техничка исправност на лифтови во деловна зграда и доставување на истите до надлените институции.

### 1.2.2 Ревизија на постапките и процедурите за наплата на тужени побарување

Ревизијата на постапките и процедурите за наплата на тужени побарување укажува на функционирањето на системот на водење постапки и спроведување на процедурите за наплата на тужени побарување во Друштвото. Спроведената внатрешна ревизија потврди дека Друштвото при водење постапки и спроведување на процедурите за наплата на тужени побарување ги почитува законските прописи процедури и практики.
Дадени се препораки одговорните лица да продолжат да работата како и до сега.

### 1.2.3 Ревизија на Договори за закуп на деловен простор

Ревизијата на Договори за закуп на деловен простор го разгледа процесот на подготовка на Договорите за закуп на деловен простор и реализација на одредбите од истите. При направената ревизија константирано е дека во овој процес се врши ажурно и точно. Со оглед на тоа дека не се најдени отстапувања нема предложени мерки и работата продолжува да се одвива во истиот ред.

### 1.2.4 Ревизија на обврски на Друштвото према добавувачи

Ревизијата на обврски на Друштвото према добавувачи ги разгледа процедурите и активностите што се преземаат за намирување на обврски на Друштвото према добавувачи. Констатирано е дека нема отстапки во намирувањато на обрските на Друштвото према побарувачите. Со оглед на ревизорскиот извештај на обврските на Друштвото према добавувачите, пожелно е истото да продолжи со работа на исти начин како и до сега.

За секоја извршена ревизија изготвен е ревизорски извештај во писмена форма.Извештаите за извршените ревизии се доставувани до Одборот на директори, односно неизвршните членови на Одборот на директори и до Секторите во кои е вршена ревизијата.

## 2.Оценка за адекватност и ефикасноста на системите на внатрешна контрола

Целти на внатрешната ревизија се следните: зголемување на економичноста и ефикасноста на вкупното работење во Друштвото, унапредување на целокупниот процес во работењето како и на усогласеност на интерните политики на Друштвото со законските прописи, така што при оценка на адекватноста и ефикасноста на системите на внатрешна контрола,во ревидираните процеси и активности во 2023 година се раководеше од следните компоненти:

- Дали процесите и активностите кои беа предмет на ревизија се регулирани со интерни политики и процедури и дали истите се во согласност со законската регулатива.
- Дали постои адекватна поделба на должности,овластувања и одговорности на вработените,со цел да се минимализира ризикот од намерни или ненамерни грешки и злоупотреби.
- Дали е имплементиран ефикасен систем на комуникација на различни нивоа со цел соодветно, целосно и точно разбирање и примена на политиките и процедурите во секојдневните задачи и одговорности.
- Дали системот на интерна контрола овозможува препознавање и проценка на значајни ризици на кои е изложено друштвото.

При разгледување на поединечините ревизии извршени во 2023 година, доаѓаме до констатација дека со помош на редовната ревизија се педвидуваат клучни ризици во Друштвото, кое имајки ги во предвид, полесно се справува и прилагодува.

## 3.Наоди и дадени препораки

По направените ревизии во текот на 2023 година, се потврдува стекнатото уверување дека интерниот контролен систем е адекватно имплементиран во насоки на минимализирање на значајните материјални ризици и во насока на ефикасно и доследно спроведување на законската регулатива и деловната политика на Друштвото. Внатрешната ревизија својата конклузија, детално ја презентира во поединечните извештаи. Дадените препораки се во насока на подобрување на системот на внатрешна контрола, но тековната година не се предложени препораки,кои би требало да бидат имплементирани.

## 4.Останати активности на Службата за внатрешна ревизија

Актите кои беа изготвени и спроведени во текот на 2023 година со цел спроведување на планираните равизии се следните: план за поединечна ревизија, прашалници, работни листови, извештаи, како и изготвување на полугодишен и Годишен извештај, Годишен план за 2024 година и др.
Во текот на спроведената ревизија, на Службата за внатрешна и беше овозможено целосно, слободно и неограничено право на пристап до документацијата,

податоците и информациите, а со тоа таа соработуваше со сите организациони единици. При спроведување на ревизиите се применуваа ревизорски техники и активности како што се набљудување, интервјуа со вработените и претпоставените, увид во оригиналната документација, анализирање и обработување на податоци и др.

Службата за внатрешна ревизија работеше согласно принципите и стандардите за внатрешна ревизија политиката и процедурите за работа на Службата, утврдени со Правилникот за организационата поставеност, правата и одговорностите, односно со другите организациони единици во Друштвото.

**Доставено до:**

Одбор на директори
Собрание на акционери

**Подготвил:**
Внатрешна ревизија